# ОПШТИНА РАДОВИШ

Дел. Бр. 09-28/1
07.01.2026 год.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш (Сл. гласник на општина Радовиш бр. 05/02) и член 3 од Методологијата за распределба на финансиски средства на спортски клубови бр. 08-1482/1 од 03.12.2021 год. а согласно донесената годишна Програма за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2026 бр.08-1598/2 од 24.12.2025, год. Градоначалникот на општина Радовиш на ден 05.01.2026 год. објавува :

## ЈАВЕН ПОВИК

за распределба на средства од Буџетот на општина Радовиш

на спортски клубови, здруженија и сојузи од општина Радовиш за 2026 год.

I. Се распишува јавен повик за распределба на средства на спортските клубови, здруженија и сојузи од Буџетот на општина Радовиш за 2026 година ;

II. Потребни документи за поднесување се :

-годишна програма за работа и финансиски план за 2026 год.;

-извештај за потрошените средства добиени од општина Радовиш за 2025 год.;

-копија од завршна сметка (за спортските клубови и здруженија чии годишен приход е поголем од 2,500 евра) или копија од одлука од Цент.регистар на Р.С.М. (доколку год. приход е помал од 2,500 евра);

-копија од решение од АМС за дејност спорт (доколку има) или потврда од федерација;

-копија од тековна состојба од Цент.регистар на Р.С.М. (не постара од 6 месеци);

-потврда за отворена и активна жиро сметка.

III. Период за доставување на документите е 14 (четиринасет) дена од денот на објавувањето на јавниот повик, заклучно со 16.01.2025 год.

IV. Пријавите се поднесуваат на адреса :

ЕЛС општина Радовиш, бул. „Александар Македонски“ бр. 7, 2420 Радовиш

или директно во архивата на ЕЛС општина Радовиш

Со назнака : *За јавен конкурс бр.*

Напомена: Пријавите со нецелосна документација како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

Изготвил: Игор Чапов

Одобрил: Весна Конзулова

Градоначалник на општина Радовиш

Љупче Почивалец

Република Северна Македонија — Градоначалник — Општина Радовиш